Посебни финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

Ларин Мрамор Компани АД, Скопје

31 декември 2025 година

ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје
Ул. Тодор Паница бр.7-1/15
audit@globalgroup.mk
02/5126 - 533

Содржина

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1
Посебен извештај за финансиската состојба	3
Посебен извештај за сеопфатната добивка	4
Посебен извештај за промените во капиталот	5
Посебен извештај за паричните текови	6
Белешки кон посебните финансиски извештаи	7
Прилози	

ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје
Седиште: ул. Тодор Паница бр.7/1-15 Скопје,
ЕДБ: MK4058018530158
☎02/5126-533, 078/332-350
audit@globalgroup.mk , www.globalgroup.mk
Сметка: 200003332266115 Стопанска банка АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Акционерите и Управниот Одбор на Ларин Мрамор Компани АД, Скопје

Мислење

Според нашето мислење, поединечните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, поединечната финансиска состојба на друштво за производство и истражување ЛАРИН Мрамор Компани експорт-импорт АД, Скопје ("Друштвото") на 31 декември 2025 година, како и неговата поединечна финансиска успешност и поединечните парични текови за годината што завршува на тој датум, во согласност со Сметководствените стандарди применливи во Република Северна Македонија.

Што ние ревидиравме

Поединечните финансиски извештаи на Друштвото ги вклучуваат:

- Поединечниот извештај за финансиска состојба на ден 31 декември 2025 година
- Поединечниот извештај за добивка или загуба за годината то завршува на тој датум
- Поединечниот извештај за промени во капиталот за годината што завршува на тој датум
- Поединечниот извештај за готовински текови за годината што завршува на тој датум и
- Белешките кон поединечните финансиски извештаи, кои ги содржат информациите за материјалните сметководствени политики и други објаснувачки белешки

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија како што се објавени во Службен весник на Република Северна Македонија (273/2024) ("Стандардите"). Нашите одговорности според Наведените стандарди се опишани во делот "Одговорност на ревизорот за ревизијата на поединечните финансиски извештаи" од овој извештај.
Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

Независност

Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители (вклучувајќи ги Меѓународните стандарди за независност) издаден од Одборот за меѓународни стандарди за етика на сметководители, како што е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија (273/2024) ("Кодекс на етика") и како што е применлив за ревизии на финансиски извештаи за ентитети од јавен интерес. Ги исполнивме и другите етички барања во согласност со Кодексот на етика.

Нагласување на прашање

- Како што е наведено во Белешка 2.3 - Друштвото оствари загуба од своето работење за 2025 година во износ од 4.160 илјади денари. На датумот на известување, акумулираната загуба изнесува 33.784 илјади денари, а тековните обврски ги надминуваат тековните средства за 144.364 илјади денари. Овие показатели укажуваат на постоење материјална неизвесност којашто може да наметне значајно сомневање во способноста на Друштвото да продолжи со работење врз основа на претпоставката за континуитет.

Способноста на Друштвото да продолжи со своите деловни активности во иднина зависи пред сè од можноста за изнаоѓање на континуирани извори на финансирање. Раководството оценува дека претпоставката за континуитет е соодветна, имајќи ја предвид намерата на сопственикот, изразена во своето необврзувачко писмо, да продолжи со поддршката на Друштвото најмалку 12 месеци од датумот на писмото.

- Како што е опишано во Белешка 6- Еден од договорите за концесии на Друштвото, „Нови Присад - Галабовец", истече во

мај 2025 година. Друштвото навремено покрена постапка за обновување, но Владата сè уште нема донесено одлука. Друштвото достави позитивни инспекциски наоди и потврди дека нема даночни обврски, а воедно поднесе и тужба до Управниот суд против Владата заради недонесување одлука. Материјално, оваа концесија нема значајно влијание врз производството на Друштвото.

Нашето мислење не е квалификувано во врска со овие прашања.

Известување за останатите информации

Раководството е одговорно за останатите информации. Останатите информации се состојат од поединечниот годишен извештај за работа и поединечната годишна сметка изготвени до раководството во согласност со барањата на член 384 од Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат поединечните финансиски извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за поединечните финансиски извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување во однос на нив, освен доколку поинаку експлицитно не е наведено во овој извештај.

Во врска со нашата ревизија, нашата одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со поединечните финансиски извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата, или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно.

Дополнително, врз основа на нашето знаење и разбирање за Друштвото и нејзиното опкружување добиени во текот на ревизијата, ние сме обврзани да известиме ако сме идентификувале материјално погрешно прикажување во поединечниот годишен извештај за работа и поединечната годишна сметка. Ние немаме што да известиме во врска со овие процедури.

Одговорност на раководството и на оние кои се задолжени за управувањето за поединечните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготовката и објективното презентирање на поединечните финансиски извештаи во согласност со Сметководствените стандарди применливи во Република Северна Македонија за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.
При подготвувањето на поединечните финансиски извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката на континуитет, обелоденувајќи кога е применливо прашања поврзани со континуитетот и користејќи ја претпоставката за континуитет како сметководствена основа, освен ако раководството или има намера да ликвидира или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стоири тоа. Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на поединечните финансиски извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјало погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Стандардите секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални, ако, поединечни или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие поединечни финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Стандардите, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Ние, исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се доволни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризиците од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешната контрола.
- Стекнуваме разбирање за внатрешната контрола која е значајна за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во поединечните финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорски докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење

меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на поединечните финансиски извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали поединечните финансиски извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Извештај за други правни и регулативни барања

Мислење за поединечниот годишен извештај

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на поединечен годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на поединечниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во поединечната годишна сметка и ревидираните поединечни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година, во согласност со барањата на член 34, став1, точка (Д) од Законот за ревиизија.

Според нашето мислење, истористите финансиски информации објавени во поединечниот годишен извештај за работењето на Друштвото со состоја на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во поединечната годишна сметка и ревидираните поединечни финансиски извештаи на друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Овластен ревизор од кој произлегува извештајот на независниот ревизор е Никола Терзиев.

Скопје, 15.05.2026 година
Овластен ревизор
Никола Терзиев

ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје
Управител
Никола Терзиев

Посебен извештај за финансиската состојба

	Бел.	Година што завршува на 31 декември 2025 000 МКД	2024 000 МКД
		31 декември 2025	31 декември 2024
Средства			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	5	209.230	192.015
Нематеријални средства	6	7.923	6.843
Вложувања во подружници	8	4.282	4.282
Финансиски средства-депозити	9	957	957
Финансиски побарувања-позајмици	10	1.020	1.020
		223.412	**205.119**
Тековни средства			
Финансиски побарувања	10,12	67.726	52.476
Залихи	11	13.058	4.916
Побарувања од купувачи и останати побарувања	10,12	27.137	17.307
Побарувања за данок на добивка	12	2.513	2.513
Парични средства и еквиваленти	13	264	414
		110.698	**77.625**
Вкупно средства		**334.111**	**282.744**
Капитал и обврски			
	14		
Капитал			
Акционерски капитал		112.833	112.834
Резерви		-	-
Акумулирани (загуби)/добивки		(33.784)	(29.625)
		79.049	83.209
Обврски			
Тековни Обврски			
Обврски кон добавувачи и останати обврски	15	255.062	199.535
Вкупно обврски		**255.062**	**199.535**
Вкупна обврски и капитал		**334.111**	**282.744**

Овие посебни финансиски извештаи се одобрени од раководството на Друштвото на ден 11.03.2026 година

полномошник
Љубиша Лазаровски

Г-дин Андреас Јоаннис Алт
Главен извршен директор

Љубиша Лазаровски бр.на лиценца 0102536
Овластен сметководител

Придружните белешки се составен дел на овие посебни финансиски извештаи

Посебен извештај за сеопфатната добивка

	Бел.	Година што завршува на 31 декември 2025 000 МКД	2024 000 МКД
Приходи од продажба	16	141.192	142.353
Останати приходи	17	324	1.556
Набавна вредност на продадени трговски стоки		(24.748)	(36.738)
Потрошени материјали, резервни делови и енергија	18	(12.317)	(20.520)
Услуги	19	(19.759)	(21.323)
Трошоци за користи на вработени	20	(43.423)	(40.596)
Амортизација и депрецијација	5, 6	(30.962)	(28.076)
Останати трошоци	21	(14.447)	(13.552)
(Загуба) од работењето		**(4.140)**	**(16.896)**
Финансиски приходи		255	33
Финансиски (расходи)		(275)	(172)
Финансиски (расходи) / приходи, нето	22	**(20)**	**(139)**
(Загуба) пред оданочување		**(4.160)**	**(17.035)**
Данок на добивка	23	-	-
(Загуба) за годината		**(4.160)**	**(17.035)**
Останата сеопфатна добивка за годината		-	-
Вкупна сеопфатна загуба за годината		**(4.160)**	**(17.035)**

Посебен извештај за промените во капиталот

000 МКД

	Акционерски капитал	Резерви	Акумулирани (Загуби) / добивки	Вкупно
На 01 јануари 2025 година	**112.834**	**-**	**(29.624)**	**83.209**
Трансакции со сопствениците	-	-	-	-
(Загуба) за годината	-	-	(4.160)	(4.160)
Останата сеопфатна добивка	-	-	-	-
Вкупна сеопфатна загуба	-	-	-	-
На 31 декември 2025 година	**112.834**	**-**	**(33.785)**	**79.049**
На 01 јануари 2024 година	**112.834**	**11.283**	**(23.874)**	**100.244**
Трансакции со сопствениците	-	(11.283)	11.283	-
(Загуба) за годината	-	-	(17.035)	(17.035)
Останата сеопфатна добивка	-	-	-	-
Вкупна сеопфатна загуба	-	-	(17.035)	(17.035)
На 31 декември 2024 година	**112.834**	**-**	**(29.624)**	**83.209**

Посебен извештај за паричните текови

	Бел.	За годината што завршувана на 31 декември 2025 000 МКД	За годината што завршувана на 31 декември 2024 000 МКД
Оперативни активности			
(Загуба) пред оданочување		(4.160)	(17.035)
Исправки за:			
Депрецијација и амортизација	5,6	30.962	28.076
Нето сегашна вредност на продадени НПО	5	-	-
Приходи од продадени НПО	5	(324)	(1.556)
Добивка од работење пред промени во оперативниот капитал		**26.478**	**9.485**
Промени во оперативниот капитал:			
Залихи		(8.142)	4.313
Побарување од купувачи и останати побарувања		(25.081)	(9.334)
Обврски кон добавувачи и останати обврски		55.527	12.761
		48.782	**17.225**
Платен данок на добивка		-	-
		48.782	**17.225**
Парични текови од инвестициони активности			
Плаќања за набавка на недвижности и опрема	5	(47.072)	(18.458)
Плаќања за набавка на нематеријални средства	6	(2.184)	(942)
Приливи од продажба на недвижности	5	324	1.556
Приливи од дадени позајмици		-	-
Одлив за дадени депозити		-	-
		(48.932)	**(17.844)**
Парични текови од финансиски активности		-	-
		-	**-**
Нето промена на паричните средства		(150)	(619)
Парични средства и еквиваленти на почетокот на годината		414	1.033
Парични средства и еквиваленти на крајот годината	12	**264**	**414**

Белешки кон посебните финансиски извештаи

1 Општи податоци

Трговското друштво за производство и истражување ЛАРИН Мрамор Компани експорт-импорт АД, Скопје (во понатамошниот текст Друштвото) е Акционерско друштво регистрирано во Република Северна Македонија. Седиштето на Друштвото е во Скопје на ул.Анкарска бр.29А-лок.2. Основна дејност на Друштвото опфаќа вадење на декоративен и камен за градежништво, варовник, суров гипс, креда и шкрилци. Друштвото е регистрирано и за надворешно трговски промет. Друштвото стекна концесии за експлоатација на минерална суровина – мермер и тоа:

- локалитетот „Бела Пола“ - Општина Долнени и Општина Прилеп бр.24-5599/1 од 13 ноември 2014 година со рок на важност до 19 јуни 2030 година, со можност за продолжување за уште еден период од 30 години (повеќе детали се објавени во Белешките 6 и 24).
- локалитетот „Галабовец-Нови Присад“ - Општина Прилеп бр.24-5606/1 од 13 ноември 2014 година со рок на важност до 04 мај 2025 година, со можност за продолжување за уште еден период од 20 години (повеќе детали се објавени во Белешките 6 и 24).
- локалитетот „Тумба“ - с. Беловодица, Општина Прилеп бр.24-4305/7 од 25 септември 2013 година со рок на важност 30 години, со можност за продолжување за уште еден период од 30 години (повеќе детали се објавени во Белешките 6 и 24).

Просечниот број на вработени во Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2025 година изнесува 41 лица (2024: 45 лица).

Друштвото го претставува мнозинството на Групацијата Ларин Мрамор Компани АД, Скопје и подружниците детално обелоденети во Белешка 8. Со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024, подружниците учествуваат со помалку од 1% во вкупните приходи и вкупната актива на Групацијата.

2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие посебни финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани периоди, освен доколку не е поинаку наведено.

2.1 Основа за подготовка

Овие поединечни финансиски извештаи се подготвени во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва (објавени во “Службен весник” бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014,138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018,290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025) и Правилникот за водење на сметководство објавен во Службен весник бр.75/2024 (Правилник), каде што се објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ издание 2023). Овој Правилник ги содржи Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) - МСС 1 до МСС 41, толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ) - КТМФИ 1 до КТМФИ 23 и толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) - ПКТ 7 до ПКТ 32. Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ , КТМФИ и ПКТ) се применливи во Република Северна Македонија започнувајќи од 1 јануари 2025, освен МСФИ 17, Договори за осигурување, кој ќе започне да се применува од 1 јануари 2028. Со измените на Правилникот објавен во Службен весник бр.274/2024, МСФИ 9, Финансиски инструменти, ќе започне да се применува (во Република Северна Македонија) од 1 јануари 2028 и во согласност со насоките од страна на Советот за унапредување и развој над сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 и МСФИ 4 објавени во Службен весник бр. 159/2009 остануваат применливи сметководствени стандарди за финансиски инструменти и договори за осигурување до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои се објавени во Службен весник бр.75/2024 и 274/2024. Бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периодот кој започнува на 1 јануари 2025, поединечните финансиски извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандради применливи во Република Северна Македонија, како што се објавени во Правилникот и објаснети погоре. Следствено МСФИ 1, Првично усвојување на меѓународни стандарди за финансиско известување, не е применлив и Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите сметководствени стандарди, како што е објаснето во текстот подолу.

По спроведувањето на Правилникот, објавен во Службен весник бр.75/2024, раководството го оцени влијанието на новоприменливите стандарди и утврди дека истите немаат значително влијание врз поединечните финансиски извештаи, освен за ефектите од МСФИ 16, кои се прикажани во поединечните финансиски извештаи.

Материјалните информации за сметководствените политики се презентирани и се применуваат конзистентно при подготовката на поединечните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 и 31 декември 2024, освен ако не е наведено поинаку.

Подготвувањето на поединечните финансиски извештаи во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од страна на раководството, да го користи своето професионално расудување при примена на сметководствените политики на Друштвото. Областите кои вклучуваат поголем степен на професионално расудување и оние каде што претпоставките и проценките се значајни за поединечните финансиски извештаи се подолу во белешките.

Поединечните финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие поединечни финансиски извештаи Друштвото ги применува материјалните сметководствените политики наведени во белешките подолу.
Овие финансиски извештаи не се консолидирани.

Овие финансиски извештаи претставуваат посебни финансиски извештаи на Матичното Друштво и не ги вклучуваат финансиските извештаи на неговите подружници. Вложувањето на Матичното Друштво во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност намалена за евентуалното обезвреднување.

Матичното друштво подготви консолидирани финансиски извештаи со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2025 година кои ги вклучуваат финансиските извештаи на неговите подружници, објавени во Белешка 8 кон овие посебни финансиски извештаи.

Посебните финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади Денари, која е презентациска и функционална валута, освен доколку поинаку не е наведено. Онаму каде што е неопходно направени се прилагодувања во презентацијата на споредбените податоци со цел истата да одговара на презентацијата на тековните податоци.

Основи за подготовка (продолжува)

2.2 Нови стандарди и интерпретации кои сеуште не се применети

На 3 април 2024 година објавен е нов правилник за водење сметководство (издаден во Службен весник на РМ бр.75/24) каде што беа објавени ажурираните МСФИ, КТМФИ, и ПКТ како и МСФИ, КТМФИ и ПКТ за кои погоре е наведено дека не беа издадени со постоечкиот Правилник за водење сметководство. Новиот правилник за водење на сметководство ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година освен Меѓународниот стандард за финансиско известување 17 Договори за осигурување кој ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2028 година и Меѓународниот стандард за финансиско известување 9 Финансиски инструменти кој ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2028 година.

2.3 Претпоставка за неограничен континуитет во деловното работење

Друштвото искажа загуба од своето работење за деловната 2025 година во износ од 4.160 илјади денари и на датумот на известување акумулираната загуба изнесува 33.784 илјади денари, како и тековните обврски ги надминуваат тековните средства за износ од 144.364 илјади денари. Овие показатели укажуваат на постоење материјална неизвесност којашто може да наметне значајно сомневање за способноста на Друштвото да продолжи врз основа на претпоставката за континуитет. Способноста на Друштвото да продолжи со своите деловни активности во иднина зависи пред се од можноста за изнаоѓање на континуирани извори на финансирање. Раководството на Друштвото оценува дека претпоставката за континуитет применет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна имајќи ја во предвид намерата на сопственикот, изразена во своето необврзувачко писмо, да продолжи со поддршката на Друштвото во период не пократок од 12 месеци од датумот на писмото.
Овие финансиски извештаи не содржат било какви корекции и рекласификации на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

2.4 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во македонски денари, со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во македонски денари (“денари”) по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување.

Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот за финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

	31 декември 2025	31 декември 2024
1 ЕУР	61.4950 денари	61.4950 денари
1 УСД	52.3050 денари	58.8807 денари

2.5 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Цената на чинење на средствата, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)
Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката, и кога трошокот на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во Извештајот за сеопфатната добивка во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек. Депрецијацијата на останатите ставки на недвижности, постројки и опрема се пресметува правопропорционално, со цел да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

Градежни објекти	40 години
Опрема	4-25 години
Останата опрема и моторни возила	4-5 години

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат, и доколку е потребно, се корегираат, на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ.

Приходите или расходите поврзани со оттуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во Извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

2.6 Нематеријални средства

Нематеријалните средства стекнати од страна на Друштвото, со ограничен век на употреба, се евидентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби од обезвреднување, доколку постојат.

Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите останати трошоци се признаваат во добивки или загуби во периодот кога настануваат.

Амортизацијата на останатите нематеријални средства се пресметува правопропорционално во период од четири години. Резидуалните вредности на останатите нематеријални средства и проценетиот век на употреба се прегледуваат на секој датум на известување.

Договори за концесии
Нематеријалните средства стекнати преку Договорите за концесии се евидентираат по нивната набавна вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираното резервирање поради оштетување, доколку постои. Амортизацијата се пресметува со употреба на правопропорционалната метода зависно од проценетиот век на употреба. Проценетиот век на употреба соодвествува со периодот на траење на договорите за концесија.

2.7 Оштетување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување во извештајот за сеопфатна добивка. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни парични приливи кои се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, доколку тоа не е можно, за целата група на средства која генерира готовина.

2.8 Вложувања во подружници

Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или превземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вложувањето на Друштвото во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност намалена за евентуалното обезвреднување.

2.9 Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, финансиски средсва кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположиви за продажба. Класификацијата зависи од целите за набавка на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање. Сите финансиски средства на датумите на известување се класифицирани во категоријата кредити и побарувања.

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби
Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање
Вложувања чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

Кредити и побарувања
Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиската состојба. Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на Извештајот за финансиската состојба се состојат од побарувања од купувачи и останати побарувања, дадени позајмици како и парични средства и еквиваленти.

Финансиски средства расположливи за продажба
Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

Иницијално признавање на финансиските средства
Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на којшто Друштвото има обврска да го купи или продаде средството.
Финансиските средства класифицирани во категоријата кредити и побарувања почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Престанок на признавање на финансиските средства
Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

Последователно евидентирање на финансиските средства
Кредитите и побарувањата по почетното признавање, се евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Обезвреднување на финансиски средства
На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Тестирањето за обезвреднување на побарувањата од купувачите е објаснето во продолжение на оваа Белешка.

2.10 Пребивање на финансиските инструменти

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа, или, пак, истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

2.11 Залихи

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за завршување, маркетинг и дистрибуција. Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи го методот на пондериран просек и вклучува трошоци направени за нивна набавка, достава до постоечката локација и состојба на употреба.

2.12 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени стоки во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како нетековни побарувања.

Овие побарувања и позајмици иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и позајмици според нивните оригинални услови на плаќања. Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби преку сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот извештај за сеопфатната добивка. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка во извештајот за сеопфатната добивка.

2.13 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци од датумот на стекнување. Паричните средства и еквиваленти иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување.

2.14 Капитал, резерви и акумулирана добивка

Акционерски капитал
Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

Трошоци поврзани со емисија на акции
Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани како намалување на приливите од емисијата.

Сопствени акции
Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надоместоци, вклучувајќи ги надворешните трошоци кои се директно поврзани, се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надоместоци се евидентирани во акционерскиот капитал.

Резерви
Резервите, кои се состојат од законски се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Друштвото. Согласно со законската регулатива резервите може да се користат за покривање на загубите, за купување на сопствени акции и исплата на дивиденди.

Капитал, резерви и акумулирана добивка (продолжува)

Акумулирани добивки
Акумулираните добивки ги вклучуваат задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

2.15 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман. Сите финансиски обврски на датумите на известување се класифицирани во категоријата финансиски обврски по амортизирана набавна вредност и истите се состојат од обврски кон добавувачи и останати обврски.

Обврски кон добавувачи и останати обврски
Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведниот услов, истите се класифицираат како нетековни обврски.
Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

Позајмици
Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност; разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето. Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

2.16 Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити каде се очекуваат трошоците за квалификувани средства се одземаат од трошоците за позајмување кои можат да се квалификуваат за капитализација. Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

2.17 Наем

Друштвото признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

Средства со право на користење

Средствата кои произлегуваат од договор за лизинг првично се мерат по нивната сегашна вредност. Средствата со право на користење се мерат по набавна вредност, која ги опфаќа следните елементи:
• износот на почетното мерење на обврската за лизинг,
• сите плаќања по основ на лизинг што биле направени на или пред датумот на започнување на лизингот, намалено за сите стимулации во врска со лизингот
• сите почетни директни трошоци што ги имал корисникот за лизнинг, и
• трошоците за враќање на средството во состојбата пропишана со договорите за лизинг.
Средствата со право на користење, по правило, се амортизираат по праволиниска метода во текот на пократкиот период помеѓу корисниот век на средството и рокот на лизингот.
Амортизацијата на поединечните средства со право на користење се пресметува со примена на праволиниската метода врз основа на нивните проценети корисни векови на употреба.

Обврски за лизинг

Лизинг при кој во основа сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на едно средство не се пренесуваат на корисникот на наемот, се класифицира како оперативен наем. Плаќањата при оперативен наем (нето од олеснителни плаќања од страна на наемодавачот) се признаени како трошок во извештајот за сеопфатна добивка, праволиниски низ периодот на наемот.
При склучување на договор, Друштвото утврдува дали договорот претставува или содржи лизинг, во согласност со барањата на МСФИ 16. Лизинг се дефинира како договор со кој се пренесува правото на контрола врз користењето на идентификувано средство за определен временски период, во замена за надомест. Договорот пренесува контрола доколку корисникот на лизингот има право да ги добие суштински сите економски користи од користењето на средството и право да го насочува неговото користење.
Договорите можат да содржат и лизинг и не-лизинг компоненти. Друштвото ја распределува противвредноста утврдена во договорот на лизинг и не-лизинг компонентите врз основа на нивните релативни самостојни цени.

Во согласност со МСФИ 16, Друштвото признава средства со право на користење и обврски по основ на лизинг за сите договори за лизинг, освен за краткорочни лизинг договори (со рок до 12 месеци) и лизинг на средства со мала вредност (каде што вредноста на новото средство е под 5.000 евра). За овие исклучоци, плаќањата по лизинг се признаваат како трошок во добивката или загубата, на линеарна основа во текот на периодот на лизинг.
Друштвото првенствено изнајмува деловни простории кои се користат во неговите деловни активности.
Обврските по основ на лизинг првично се мерат по сегашна вредност на плаќањата по лизинг, дисконтирани со користење на каматната стапка што е содржана во лизингот, или доколку таа стапка не може лесно да се утврди, со користење на инкременталната каматна стапка на задолжување.

Лизинг-плаќањата што се вклучени во мерењето на обврската за лизинг опфаќаат:
• Фиксни лизинг-плаќања (вклучително и суштински фиксни плаќања), намалени за стимуланси за лизинг;
• Варијабилни плаќања по основ на лизинг кои зависат од определн индекс или стапка, и кои првично се мерат по тој индекс или стапката на денот на започнување;
• Износи што се очекува да доспеат за плаќање на корисникот на лизинг според гаранциите на остатокот на вредноста;
• Цена за извршување на опцијата за купување, доколку Друштвото е разумно сигурно дека ќе ја искористи таа опција; и
• Плаќање на казни за прекинување на лизингот, доколку периодот на лизинг покажува дека Друштвото ја извршила опцијата да го прекине лизингот. Плаќањата по лизинг се распределуваат помеѓу главнина и финансиски трошоци. Финансиските трошоци се признаваат во добивката или загубата во текот на рокот на лизингот со цел да се обезбеди константна периодична каматна стапка на преостанатото салдо на обврската за секој период.
Каматната стапка се утврдува врз основа на релевантни пазарни услови и е прилагодена за да ги одрази специфичните ризици поврзани со рокот на договорот, како и економското и политичкото опкружување во земјата во која Друштвото работи. Обврските по основ на лизинг последователно се мерат по амортизирана вредност, при што трошокот за камата се признава во финансиските трошоци со цел да се постигне константна периодична каматна стапка на преостанатото салдо. Сметководствената вредност на обврските по основ на лизинг повторно се пресметува при промена на условите на лизингот, при повторна проценка на опциите за продолжување или прекин на лизингот, или при промени на плаќањата по лизинг кои произлегуваат од промени во индекси или каматни стапки. Прилагодувањата кои произлегуваат од повторното мерење, по правило, се признаваат како корекција на сметководствената вредност на поврзаното средство со право на користење.
Доколку договорот за лизинг содржи опција за продолжување за која е разумно извесно дека ќе биде искористена, времетраењето на лизингот и поврзаните плаќања се прилагодуваат така што го вклучуваат продолжениот период.
Отплатата на обврските по основ на лизинг се прикажува во рамки на паричните текови од финансиски активности, додека плаќањата на камата по основ на лизинг и плаќањата по краткорочни лизинзи и лизинзи на средства со мала вредност се прикажуваат во рамки на паричните текови од оперативни активности.

Сметководствена политика за лизинг пред периодот 1 јануари 2025 година
Сметководствената политика применета од страна на Друштвото за периодот што завршува на 31 декември 2024 година, а која е изменета согласно МСФИ 16, Лизинг, е следната:
Оперативен наем. Кога Друштвото е корисник на наем согласно договор кој не ги пренесува суштински сите ризици и придобивки поврзани со сопственоста на средството од давателот на наем на Друштвото, вкупните плаќања по наемот се признаваат како трошок во билансот на успех на праволиниска основа во рамките на времетрањето на наемот. Рокот на наемот го опфаќа периодот кој не може да се откаже за кој корисникот има склучено договор за користење на средството, заедно со сите дополнителни периоди за кои корисникот има опција да го продолжи наемот, со или без дополнително плаќање, доколку на почетокот на наемот е разумно сигурно дека таа опција ќе биде

искористена.

Наемот не е капитализиран согласно МСФИ 16, бидејќи договорот е раскинлив со отказен рок од 30 дена, нема значајни казни или економски бариери за прекин, и проценетиот обврзувачки период не надминува 12 месеци.

Капитализираните средства за наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот работен век на средството или според наем периодот, ако не постои реална сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост над средството до крајот на наем периодот.

Друштвото како закуподавач
Наемот каде Друштвото суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен наем во Извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на наем периодот на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход. Со состојба на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година Друштвото нема класифицирани средства во оваа категорија.

2.18 Тековен и одложен данок на добивка

Данокот на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

Тековен данок на добивка
Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка, корегирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.

Раководството периодично врши проценка на позициите во даночните пријави во однос на одредени ситуации во кои важечката даночна регулатива е предмет на толкување. Исто така, воспоставува и одредби каде е соодветно, врз основа на износите што се очекува да бидат платени на даночните власти.

Одложен данок на добивка
Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи го методот на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2025 и 31 декември 2024, Друштвото нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

2.19 Надомести за вработените

Придонеси за пензиско осигурување
Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Краткорочни користи за вработените
Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Друштвото признава обврска и расход за износот којшто се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

Обврски при пензионирање на вработените
Друштвото, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Друштвото нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените на датумот на Извештајот за финансиската состојба, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

2.20 Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместлив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и
- побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во Извештајот за финансиската состојба.

2.21 Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на Извештајот за финансиска состојба и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската. Резервирања не се признаваат за идни загуби од работење.

2.22 Признавање на приходите и расходите

Приходи од договори со купувачи
Приходот се признава во износ на цената на трансакцијата. Цената на трансакцијата е износот на надоместокот на кој субјектот очекува дека ќе има право во замена за пренос на ветените услуги на купувачот, исклучувајќи ги износите кои се наплатени во корист на трети страни (на пример, данок на промет). Надоместокот кој е ветен во договор со купувач може да вклучува фиксни износи, варијабилни износи, или и двете.
Друштвото ја применува метода за признавање на приходите (пристап на пет чекори) во согласност со МСФИ 15, Приходи од договори со купувачи. Главните видови на приходи на Друштвото опфатени со МСФИ 15 се следните:
- Приходи од продажба на производи
- Приходи од услуги
Приходите ги отсликуваат надоместоците што Друштвото очекува да ги има во замена за тие услуги во текот на годината, исполнувањето на обврската за извршување е завршено, односно кога „контролата“ над услугите што лежат во основата на обврската за извршување е пренесена на клиентите. Основниот принцип е дека Друштвото ги признава приходите за да го прикаже трансферот на ветените услуги на купувачите во износ кој ја отсликува вредноста на надоместоците што Друштвото очекува да ги има во замена за тие услуги. Овој принцип се реализира согласно рамката на моделот:
1. Идентификување на договорот(ите) со купувачите;
2. Идентификување на обврските за извршување во договорот
3. Одредување на цената на трансакцијата
4. Распределба на цената на трансакцијата на обврските за извршување во договорот
5. Признавање на приходот кога (или додека) Друштвото ја исполнува обврската за извршување.

Приходот се состои од објективната вредноста на применот надоместок за продажбата на услуги во редовното работење на Друштвото.
Приходот се признава на следниов начин:

Приходи од договори со купувачи- Приходи од продажба на производи
Приходите од продажба на производи се признаваат согласно МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи, во моментот кога контролата врз производите се пренесува на купувачот. Вообичаено, контролата се пренесува при испорака на производите и нивно прифаќање од страна на купувачот, односно кога купувачот стекнува право да управува со производите и да ги добие економските користи од нив.

Приходите се мерат по трансакциската цена утврдена во договорот или фактурата, намалена за одобрени попусти, рабати, поврати, ДДВ и други давачки поврзани со продажбата.

Друштвото вообичаено има една обврска за извршување – испорака на производите. Оваа обврска се исполнува во одреден момент во времето, односно при преносот на контролата врз производите на купувачот.

Приходи од договори со купувачи - Приходи од услуги
Приходите се признаваат во согласност со МСФИ 15. Друштвото ги признава приходите со текот на времето кога ја исполнува обврската за извршување преку постепено пренесување на контролата врз услугата на клиентот во рамките на договорниот период. Се смета дека контролата се пренесува

со текот на времето кога клиентот истовремено ги прима и ги користи придобивките од услугата која се обезбедува, или кога Друштвото има право на наплата за извршената работа до одредениот датум. Во таквите договорни аранжмани, приходот се мери врз основа на напредокот во извршувањето, применувајќи метод на влезни вредности, најчесто врз основа на потрошеното време и направени трошоци во однос на вкупните очекувани трошоци потребни за исполнување на обврската. Раководството ја има оценето примената на МСФИ 15 и заклучило дека стандардот нема материјално влијание врз финансиските извештаи.

Приходите се состојат од приходи од продадени производи и извршени услуги. Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените трговски стоки и обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти.

Приходите се признаваат кога износот на приходот може веродостојно да се измери, постои веројатност за прилив на идни економски користи поврзани со трансакцијата, настанатите трошоци или трошоците кои ќе настанат можат веродостојно да се измерат и кога критериумите за признавање на секоја пооделна категорија на приходи се задоволени.

Финансиски приходи и трошоци
Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата.
Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

Расходи од деловното работење
Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

Пребивање на приходите и расходите
Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи. Друштвото ги презентира резулатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

2.23 Распределба на дивиденди
Распределбата на дивиденди на содружиникот на Друштвото е евидентирана како обврска во финансиските извештаи во периодот кога е одобрена од акционерот на Друштвото.

2.24 Грешки

Грешките може да произлезат во однос на признавањето, мерењето, презентацијата и обелоденувањето на елементите од финансиските извештаи. Друштвото ги корегира материјалните грешки од претходниот период ретроактивно, во првиот сет на посебните финансиски извештаи кои се одобрени за издавање откако тие ќе бидат откриени со повторно прикажување на споредбените износи за претходниот презентиран период во кој настанала грешката. Ограничување на ретроактивно прикажување постои кога корекцијата на грешката од претходен период е исклучена од добивката или загубата за периодот во кој се открила грешката.

2.25 Превземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на извештајот за финансиска состојба и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

2.26 Трансакции со поврзани страни

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Друштвото со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

2.27 Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на Друштвото на денот на извештајот за финансиска состојба (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

3 Управување со финансиски ризици

3.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризиците поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Управниот Одбор врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитен ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

3.2 Кредитен ризик

Друштвото нема значителна концентрација на кредитен ризик. Друштвото има политики со цел да обезбеди продажбата на производи и услуги да се врши на клиенти со соодветна кредитна историја. Друштвото има политики кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти. Максималната изложеност на Друштвото на ризик од кредитирање е претставена со евидентираниот износ на секое финансиско средство во Извештајот за финансиска состојба, како што следи:

Класи на финансиски средства - евидентирана вредност	2025 (000 МКД)	2024 (000 МКД)
Побарувања од купувачи, нето	17.193	12.154
Финансиски средства - депозити	957	957
Финансиски побарувања - позајмици	68,746	53.496
Парични средства и еквиваленти	264	414
	87.160	**67.021**

Кредитниот ризик за паричните средства и еквиваленти е материјално незначаен затоа што средствата се депонирани во реномирани банки со висок кредитен рејтинг.

Анализата на кредитниот квалитет на портфолиото на побарувањата од купувачи е обелоденета во Белешка 10.

3.3 Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Друштвото. Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

	31 декември 2025			
	Тековни до 12 месеци (000 МКД)	1 до 2 години (000 МКД)	2 до 5 години (000 МКД)	Нетековни Подоцна од 5 години (000 МКД)
Обврски кон добавувачи	22.639	-	-	-
Обврски кон вработени	5.453	-	-	-
	28.092	-	-	-

Ризик од ликвидност (продолжува)

	Тековни до 12 месеци (000 МКД)	1 до 2 години (000 МКД)	2 до 5 години (000 МКД)	Нетековни Подоцна од 5 години (000 МКД)
				31 декември 2023
Обврски кон добавувачи	11.178	-	-	-
Обврски кон вработени	2.590	-	-	-
	13.768	-	-	**-**

3.4 Пазарни ризици

Ризик од промена на цени
Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

Ризик од курсни разлики
Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари, и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, особено во однос на еврото. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.
Евидентираната вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следи:

	2025	(000 МКД) 2024
Средства		
ЕУР		/
		___
Обврски		
ЕУР	4.799	2.386
	4.799	**2.386**
Нето изложеност	**(4.799)**	**(2.386)**

Анализа на сензитивноста на странски валути

	Нето износ	% промени	Позитивни промени	2025 (000 МКД) Негативни промени
ЕУР	4.799	1%	(48)	48

	Нето износ	% промени	Позитивни промени	2024 (000 МКД) Негативни промени
ЕУР	(2,386)	1%	(24)	24

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот за 1% во однос на ЕУР. Негативниот износ погоре означува намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај ако Денарот ја зголеми својата вредност во однос на ЕУР за 1%. При намалување на вредноста на Денарот во однос на ЕУР за 1%, ефектот врз добивката или останатиот капитал е еднаков, но со обратен предзнак, како што е прикажано во табелата погоре (во илјади денари).

Пазарни ризици (продолжува)

Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и готовински текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

	2025	2024
Финансиски средства		
Некаматоносни		
Побарувања од купувачи, нето	17.193	12,154
Финансиски побарувања	68.746	53,496
Парични средства и еквиваленти	-	-
	85.939	65,650
Со фиксна каматна стапка		
Финансиски средства - депозити	957	957
Со променлива каматна стапка		
Парични средства и еквиваленти	264	414
	1.221	1,371
	87.160	**67,021**
Финансиски обврски		
Некаматоносни		
Обврски кон добавувачи	22.607	11,178
Обврски кон вработени	5.452	2,590
	28.059	**13,768**

Анализа на сензитивноста на каматните стапки

31 декември 2025	Нето износ 000 МКД	2%	-2%
Со променлива каматна стапка	264	5	(5)

31 декември 2024	Нето износ 000 МКД	2%	-2%
Со променлива каматна стапка	414	8	(8)

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, што би се јавило во случај кога каматните стапки би биле повисоки/пониски за 2%.

3.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезsбеди приход за сопствениците и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да ја одржи или прилагоди структурата на својот капитал, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на сопственици, да врати капитал на сопственици, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

3.6 Утврдување на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

3.6.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Финансиските средства измерени според објективната вредност во извештајот за финансиска состојба се прикажуваат во согласност со хиерархијата на објективната вредност која ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства.

Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност ризици (продолжува)

Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема финансиски средства кои се евидентирани по објективна вредност во Извештајот за финансиската позиција.

3.6.2 Објективна вредност на финансиски средства кои не се мерат по објективна вредност во извештајот за финансиска состојба

Разликата помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

	Евидентирана вр.		Објективна вр.	
	2025	2024	2025	2024
Средства				
Побарувања од купувачи, нето	17.193	12.154	17.193	12.154
Финансиски средства - депозити	957	957	957	957
Финансиски побарувања - позајмици	68.746	53.496	68.746	53.496
Парични средства и еквиваленти	264	414	264	414
Вкупни средства	**87.160**	**67.021**	**87.160**	**67.021**
Обврски				
Обврски кон добавувачи	22.639	11.178	22.639	11.178
Обврски кон вработени	5.453	2.590	5.453	2.590
Вкупни обврски	**28.092**	13.768	**28.092**	13.768

Побарувања од купувачи и останати побарувања
Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност.

Останати финансиски средства
Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

Обврски кон добавувачите и обврски кон вработени
Сметководствената вредност на обврските кон добавувачите и обврските кон вработените соодветствуваат на нивната објективна вредност поради нивното краткорочно доспевање.

4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 2 кон овие финансиски извештаи, од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. Притоа, фактичките резултати може да отстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

Несигурност во проценките

Оштетување кај нефинансиски средства

Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните готовински текови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

Оштетување кај финансиски средства

Оштетување на побарувања од купувачи и останати побарувања

Друштвото пресметува оштетување за побарувања од купувачи и останати побарувања врз основа на проценка на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При проценка на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи и останатите побарувања, проценката се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетување кои се досега признати.

Употребен век на средствата што се амортизираат

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2025 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5 и 6. Фактичките резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност.

Залихи

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При проценатa на нето реализационата вредност ги зема предвид најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

Објективна вредност на финансиски средства

Доколку пазарот на финансиски инструмент не е активен, Раководството ја утврдува објективната вредност со користење техники за процена. Во примената на техниките за процена, Раководството прави максимално искористување на пазарните инпути, и користи проценки и претпоставки кои се, колку што е можно, во согласност со податоците кои учесниците на пазарот ќе ги користат при определување на цената на инструментот. Во случај каде овие податоците не се видливи, Раководството ги проценува претпоставките на учесниците на пазарот при определување на цената на финансискиот инструмент. Овие проценки можат да се разликуваат од реалните цени кои можат да се постигнат во трансакција извршена под комерцијални услови на датумот на известување.

5 Недвижности, постројки и опрема

	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат, кан. инвентар, мебел и тран. с-ва	Аван. и инвест. во тек	Вкупно
На 31 декември 2023 година / 01 јануари 2024 година						
Набавна вредност	18,660	23,040	285,783	16,195	27,617	371,295
Исправка на вредноста	-	(4,749)	(153,937)	(12,098)	-	(170,784)
Нето евидентирана вредност	**18,660**	**18,291**	**131,846**	**4,097**	**27,617**	**200,511**
Промени во текот на 2024 година						
Почетна нето книговодствена вредност	**18,660**	**18,291**	**131,846**	**4,097**	**27,617**	**200,511**
Набавки	13.751	-	41,524	40	1,331	56,646
Продажби, набавна вредност	-	-	(14,984)	(742)	(28.947)	(44,673)
Продажби, акумулирана депрецијација	-	-	5,743	742	-	6,485
(Депрецијација) за годината	(354)	(562)	(24,112)	(1.925)	-	(26,951)
Нето евидентирана вредност	**32,057**	**17,729**	**140,017**	**2,212**	**-**	**192,015**
На 31 декември 2024 година						
Набавна вредност	32,411	23,040	312,323	15,493	-	383,267
Исправка на вредноста	(354)	(5,311)	(172,306)	(13.281)	-	(191,252)
Нето евидентирана вредност	**32,057**	**17,729**	**140.017**	**2,212**	**-**	**192,015**
Промени во текот на 2025 година						
Почетна нето книговодствена вредност	**32.057**	**17,729**	**140,017**	**2,212**	**-**	**192.015**
Набавки	14.990	83	30.564	2.615	721	48.973
Продажби, набавна вредност	-	-	(3.421)	-	-	(3.421)
Продажби, акумулирана депрецијација	-	-	1.521	-	-	1.521
(Депрецијација) за годината	(3.942)	(562)	(23.577)	(1.777)	-	(29.858)
Нето евидентирана вредност	**43.105**	**17,250**	**145.104**	**3.050**	**721**	**209.230**
На 31 декември 2025 година						
Набавна вредност	**47.401**	**23.123**	**339.466**	**18.108**	**721**	**428.819**
Исправка на вредноста	(4.296)	(5.873)	(194.362)	(15.058)	-	(219.589)
Нето евидентирана вредност	**43.105**	**17,250**	**145.104**	**3.050**	**721**	**209.230**

Продажби

Во текот на 2025 година, Друштвото продаде дел од својот имот чија набавна вредност изнесува 3.421 илјади денари, и реализираше приходи во износ од 324 илјади денари (Белешка 17).

Инвестиции во тек

На 31 декември 2025 и 2024 година, авансите за и инвестициите во тек се состојат од:

	2025	2024
Вложувања во опрема	-	-
	-	**-**

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Залог врз недвижностите, постројките и опремата

На 31 декември 2025, Друштвото нема дадено заложни права врз недвижностите, постројките и опремата, сите се користат во редовниот тек на работењето.

6 Нематеријални средства

	Издатоци за развој	Концесии	Софтвер	Вкупно
На 31 декември 2023 година/ 01 јануари 2024				
Набавна вредност	2,178	12,357	236	14,771
Исправка на вредноста	(55)	(7,506)	(185)	(7,746)
Нето евидентирана вредност	**2,123**	**4,851**	**51**	**7,025**
Промени во текот на 2024 година				
Почетна нето книговодствена вредност	**2,123**	**4,851**	**51**	**7,025**
Набавки	763	179	-	942
(Амортизација) за годината	(536)	(568)	(20)	(1,124)
Нето евидентирана вредност	**2,350**	**9,314**	**31**	**6,843**
На 31 декември 2024 година/01 јануари 2025				
Набавна вредност	2.941	12.536	235	15,713
Исправка на вредноста	(591)	(8.074)	(205)	(8,870)
Нето евидентирана вредност	**2,350**	**4,462**	**30**	**6,843**
Промени во текот на 2025 година				
Почетна нето книговодствена вредност	**2.350**	**4.462**	**30**	**6.842**
Набавки	1.592	553	39	2.184
(Амортизација) за годината	(582)	(506)	(15)	(1.103)
Нето евидентирана вредност	**3.360**	**4.509**	**54**	**7.923**
На 31 декември 2025 година				
Набавна вредност	4.533	13.089	274	17.896
Исправка на вредноста	(1.173)	(8.580)	(220)	(9.973)
Нето евидентирана вредност	**3.360**	**4.509**	**54**	**7.923**

Нематеријалните средства, кои со состојба на 31 декември 2025 година изнесуваат 7.923 илјади денари (2024: 6.843 илјади денари) се состојат од капитализирани трошоци за стекнување на концесиии и тоа:

1. Во текот на 2014 година, Друштвото склучи договор број 24-5599/1 од 13 ноември 2014 година со Владата на Република Македонија застапувана од Министерот за економија и стекна концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Бела Пола“ – Општина Долнени и Општина Прилеп бр. 24-8217/1 од 10 октомври 2014 година со рок на важност до 19 јуни 2030 година, со можност за продолжување за уште еден период од 30 години;

2. Во текот на 2014 година, Друштвото склучи договор број 24-5606/1 од 13 ноември 2014 година со Владата на Република Македонија застапувана од Министерот за економија и стекна концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Галабовец - Нови Присад“ – Општина Прилеп бр. 24-8831/1 од 30 октомври 2007 година со рок на важност до 04 мај 2025 година, со можност за продолжување за уште еден период од 20 години;
   Договорот за концесија на локалитет Нови Присад - Галабовец - истече во мај 2025 година. Друштвото, навреме покрена постапка за обновување, но од страна на Владата сеуште не е донесена одлука за продолжување. Со поднесеното Барање за продолжување, друштвото достави и докази дека ги поседува сите позитивни наоди од инспекциите за обновување на дозволата и достави докази дека нема даночни обврски. Друштвото поднесе тужба до Управниот суд против Владата на Република Северна Македонија за прашања поврзани со неодговарање на Барањето за продолжување на концесијата Галабовец - Нови Присад.
   Материјално, оваа концесија нема значајно влијание врз производството на друштвото.

Нематеријални средства (продолжува)

3. Во текот на 2013 година, Друштвото склучи договор број 24-4305/7 од 25 септември 2013 година со Владата на Република Македонија застапувана од Министерот за економија и стекна концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Тумба“ – с.Беловодица, Општина Прилеп бр. 41-5083/1 од 14 август 2013 година со рок на важност 30 години, со можност за продолжување за уште еден период од 30 години;

Согласно договорите за концесија, Друштвото е обврзано да плаќа надоместок заради користење на просторот односно на површината на која е даделена концесијата за експлоатација на минералната суровина под услови, на начин и во износ определени согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

Повеќе детали за превземените обврски според договорот за концесија се објавени во Белешката 24.

7 Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Друштвото признаени на датумот на Извештајот за финансиска состојба за објавените периоди можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

	2025	2024
Средства		
Кредити и побарувања		
Финансиски средства - депозити	957	957
Финансиски побарувања - позајмици	68.746	53.496
Побарувања од купувачи, нето	17.193	12.154
Парични средства и еквиваленти	264	414
	87.160	**67.021**
Обврски		
Останати фин. обврски по ам. наб. вред.		
Обврски кон добавувачи	22.639	11.178
Обврски кон вработени	5.453	2.590
	28.092	**13.768**

8 Вложувања во подружници

	% на учество	2025	2024
Вардар Мермер доо Скопје	98%	3.015	3.015
Пелагонија Мермер доо Скопје	98%	1.267	1.267
		4.282	**4.282**

Основната дејност на подружниците опфаќа вадење на декоративен и камен за градежништво, варовник, суров гипс, креда и шкрилци.

9 Финанисиски средства - депозити

	2025	2024
Дадени депозити во земјата		
Стопанска Банка АД Скопје; фиксна кам. стапка 0.10% годишно	957	957
	957	**957**

Во рамките на паричните средства, износ од 957 илјади денари претставува ограничени парични средства / депозит даден како обезбедување за издадена банкарска гаранција. Наведениот износ не е расположлив за редовно користење до истекот или ослободувањето на гаранцијата.

10 Финансиски побарувања - позајмици

	2025	2024
Краткорочни позајмици без камата		
Финансиски бескаматни позајмици дадени на поврзани правни лица (Белешка 25)	68.746	53.496
	68.746	**53.496**
Од кои:		
Краткорочни финансиски побарувања	1.020	1.020
Долгорочни финансиски побарувања	67.726	52.476
	68.746	**53.496**

11 Залихи

	2025	2024
Готов производ	8.613	1.292
Суровини и материјали	3.808	2.734
Ситен инвентар и резервни делови	637	890
	13.058	**4.916**

12 Побарувања од купувачи и останати побарувања

	2025	2024
Побарувања од купувачи		
Побарувања од поврзани субјекти (види Белешка 25)	82.815	64.021
Домашни купувачи	1.975	455
	84.790	**64.476**
Намалено за: резервирање поради обезвреднување	-	-
	84.790	**64.476**
Останати тековни побарувања		
Побарувања за ДДВ	9.759	5,152
Побарувања за данок на добивка	2.514	2.514
Однапред пресметани трошоци	129	155
Побарувања од вработени	184	-
	12.586	**7.821**
	97.376	**72.297**

Салдото на побарувањата од купувачите може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

31 декември 2025	Недоспеани неоштетени	Доспеани неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	-	97.376	-	97.376
Исправка на вредност	-		-	-
Нето евидентирана вредност	**-**	**97.376**	**-**	**97.376**

31 декември 2024	Недоспеани неоштетени	Доспеани неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	-	72.297	-	72.297
Исправка на вредност	-	-	-	-
Нето евидентирана вредност	**-**	**72.297**	**-**	**72.297**

Анализата на старосната структура на доспеаните неоштетени побарувања од купувачи е како што следи:

	2025	2024
До 30 дена		481
Од 30 до 90 дена	1.975	-
Од 90 до 180 дена	313	129
Од 180 до 365 дена	95.088	71.687
Над 1 година		-
	97.376	**72.297**

13 Парични средства и еквиваленти

	2025	2024
Денарски сметки кај домашни банки	264	414
Девизни сметки кај домашни банки	-	-
Готовина во благајна	-	-
	264	**414**

14 Капитал

Акционерски капитал

На 31 декември 2025 и 2024 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 112,834 илјади денари (1,850,000 Евра). Истиот е поделен на 370.000 запишани и во целост платени обични акции со номинална вредност од 5 евра по акција. Во текот на 2019 година извршена е промена на сопственичката структура при што акциите на претходниот сопственик односно 99.7% од акциите Лазаридис Мармара Драма, Р. Грција се откупени од Nordia Energy Industrial and commercial holding SA.

Согласно акционерската книга на Друштвото, на 31 декември 2025 и 2024 нема ограничувања на правата засновани на закон и/или Одлука на надлежен орган во однос на тргување со истите. Структурата на акционерскиот капитал на датумите на известување е како што следи:

	31 декември 2025	31 декември 2024
Nordia Energy Industrial and commercial holding SA	99.70%	99.70%
Останати	0.30%	0.30%
	100.00%	**100.00%**

Резерви

Резервите на 31 декември 2025 изнесуваат 0,00 денари, додека во 2024 година изнесуваат 0.00 илјади денари и се состојат во целост од законски резерви, создадени врз основа на тековната законска регулатива. Законските резерви, се создадени во текот на годините преку распределба на добивката по оданочување. Во согласност со законската регулатива, Друштвото има обврска секоја година да издвојува 5% од својата нето добивка по оданочување, се додека нивото на тие резерви не достигне 10% од регистрираниот капитал.

15 Обврски кон добавувачи и останати обврски

	2025	2024
Добавувачи		
Странски добавувачи	4.831	2.386
Домашни добавувачи	17.808	8.792
	22.639	**11.178**
Останати тековни обврски		
Аванси на купувачи во странство за инвестиции	226.970	185.767
Обврски кон вработени за плати	5.453	2.590
	232.423	**188.357**
	255.062	**199.535**

16 Приходи од продажба

	2025	2024
Домашен пазар		
Приходи од услуги	31.112	29.679
Приходи од продажба на производи	5.120	6.693
Приходи од продажба на резерви делови и отпад	587	535
	36.819	**36.907**
Странски пазар		
Продажба на производи	103.125	102.544
Приходи од услуги	-	-
Приходи од продажба на резервни делови и отпад	1.249	2,901
	104.374	**105.445**
	141.193	**142.352**

17 Останати приходи

	2025	2024
Приходи од продажба на недвиж. постројки и опрема (Бел. 5)	324	1.556
	324	**1.556**

18 Потрошени материјали, резервни делови и енергија

	2025	2024
Потрошени суровини и материјали, гориво	1.947	12.827
Потрошени амбалажа, резервни делови, ситен инвентар и автогуми	8.283	5.902
Потрошени канцелариски материјали	214	125
Потрошена електрична енергија	1.873	1.666
	12.317	**20.520**

19 Услуги

	2025	2024
Услуги за транспорт	11.589	16.162
Надворешни услуги	2.842	-
Услуги за одржување и заштита	2.749	2.474
Услуги за обезбедување	1.967	2.093
Закупнина	292	281
Услуги за телефони, интернет и поштенски услуги	238	256
Комунални услуги	82	57
	19,759	**21.323**

20 Трошоци за користи на вработени

	2025	2024
Нето плати	28.122	25.848
Даноци и придонеси од плати	14,543	13.244
Регрес за годишен одмор	758	742
Останати трошоци за вработени	/	762
	43,423	**40.596**

21 Останати трошоци

	2025	2024
Даноци кои не зависат од резултатот и такси	2.817	2.822
Концесии	3.913	2.808
Непроизводни услуги	4.148	2.787
Дневници и надомест на трошоци за службени патувања	1.199	2.056
Подароци на вработени	565	608
Трошоци за платен промет	202	296
Трошоци за репрезентација	179	224
Трошоци за осигурување	148	164
Неотпишана вредност на основно средство (Белешка 5)	/	/
Трошоци за промоции, донации и спонзорства	/	79
Членарини и придонеси за комори	48	47
Надоместоци на менаџмент	124	93
Останати расходи	1.104	1.568
	14.447	**13.552**

22 Финансиски приходи и расходи

	2025	2024
Приходи		
Позитивни курсни разлики	-	33
Останати деловни приходи	255	-
	255	**33**
Расходи		
Расходи по камати	(52)	(20)
Негативни курсни разлики	(223)	(151)
	(275)	**(171)**
Финансиски приходи / (расходи), нето	**(20)**	**(138)**

23 Данок на добивка

Усогласувањето на данокот на добивка според Извештајот за сеопфатната добивка е како што следи:

	2025	2024
(Загуба) пред оданочување	(4.160)	(17.035)
Непризнаени расходи за даночни цели од тековната година ни цели од тековната година	3.902	4.089
Даночна основа	**(258)**	**(12.946)**
Даночна стапка	**10%**	**10%**
Данок на добивка за годината	**(26)**	**(1.295)**
Ефективна даночна стапка	**0,62%**	**7.61%**

24 Неизвесни и превземени обврски

Судски спорови

Со состојба на 31 декември 2025 година Друштвото учествува во судски постапки во својство на тужител и тужен. На датумот на овие финансиски извештаи, не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Друштвото, редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на тековните судски спорови. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Друштвото верува дека истите нема да резултираат во материјално значајни обврски.

Залог и хипотека

На 31 декември 2025 година, Друштвото нема средства дадени под залог, хипотека или друг вид обезбедување.

Банкарски гаранции

Со состојба на 31 декември 2025, Друштвото има дадено банкарска гаранција издадена од страна на Комерцијална Банка АД, Скопје во износ од 1,000 илјади денари во корист на Царинска управа на Република Северна Македонија за користење на системот за поедноставна царинска постапка I банкарска гаранција издадена од страна на Стопанска Банка АД Скопје во износ од 911 илјади денари во корист на Министерство за економија за експлоатација на минералната суровина-мермер на локалитетот Бела Пола општина Долнени општина Прилеп.

Капитални обврски

Не се евидентирани капитални обврски на денот на известување кои не се веќе признати во финансиските извештаи.

Концесии

Врз основа на склучените договори за концесија со Владата на Република Северна Македонија застапувана од Министерот за економија, Друштвото ги има превземено следниве договорни обврски врз основа на Тарифникот утврден од Министерството за Економија на РСМ:

- Годишен надоместок за користење на локацијата за која е издадена концесијата во износ од 100,000 ден./км2, и Надоместок за концесија на продадени количини на комерцијален мермер врз основа на Методологијата утврдена од Министерство за Економија на Р. Северна Македонија и тоа за: Надоместок за концесија за експлоатација на архитектонско-украсен камен (мермер, гранит, габро, травертин, оникс, базелт, сијанид, бреча и сл.)
- Блокови 5% од вредноста на материјалот утврден во износ од 18 илјади денари по метар кубен;
- Томболони 5% од вредноста на материјалот утврден на 9 илјади денари по метар кубен;
- Материјал различен од блокови и томболони, кршен или мелен 20 денари по тон.

Владата на РСМ на 24 декември 2024 година донесе Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини. Тарифникот беше објавен во Сл.Весник на РСМ бр.268 од 25.12.2024 година и истиот започна да се применува од 01 Јануари 2025 година. Со тарифникот се има зголемувања на надоместоците кои друштвото ги плакало претходно. Овие тарифи влијаат на финансиските извештаи за 2025 година.

Даночни обврски

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Друштвото подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот од 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да произлезат дополнителни даноци и трошоци.

Друштвото врши редовна проценка на потенцијалните обврски кои се очекува да произлезат од даночните инспекции од изминатите години. Раководството смета дека износите кои би можеле да се појават нема да имаат значаен ефект врз финансиските резултати и пресметаниот данок на добивка.

25 Трансакции со поврзани субјекти

За потребите на овие финансиски извештаи, поврзани субјекти со кои Друштвото има трансакции во нормалниот тек од деловното работење со поврзаните друштва. Со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година, салдата и обемот на трансакциите на Друштвото со погоре наведените субјекти се како што следи:

	Побарувања	*Обврски*	*Приходи*	*Набавки/ Расходи*
31 декември 2025				
Nordia Energy Industrial and commercial holding SA	-	170.593	15.549	21.944
Nordia SA	-	56.378	88.326	8.179
Пелагонија Мермер доо Скопје	3.491	-	325	-
Вардар Мермер доо Скопје	11.727	-	3.447	968
Белмар дооел Скопје	67.597	-	27.340	28.670
Клучен раководен кадар				
Краткорочни надомести за клучен раководен кадар	-	-		
	82.815	**226.971**	**134.987**	**59.761**

	Побарувања	*Обврски*	*Приходи*	*Набавки/ Расходи*
31 декември 2024				
Nordia Energy Industrial and commercial holding SA	-	166.089	88.756	2.739
Nordia SA	-	22.037	17.446	-
Пелагонија Мермер доо Скопје	3.865	-	1.315	1.161
Вардар Мермер доо Скопје	7.834	-	1.809	1.157
Белмар дооел Скопје	52.321	-	30.361	27.072
Клучен раководен кадар				
Краткорочни надомести за клучен раководен кадар	-	-		103
	64.020	**188.126**	**139.687**	**32.232**

26 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2025 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие посебни финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција и настани кои се материјално значајни за објавување во овие посебни финансиски извештаи.

Прилог 1 - Годишна сметка со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025

Прилог 2 - Годишен извештај за работењето со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025